# Известување за концентрација со која Ерсте Асет Менаџмент ГмбХ, Австрија ќе стекне контрола над НТЕРКЕПИТАЛ АСЕТ МЕНАЏМЕНТ д.о.о,Хрватска (предмет бр. 08-168/2024)

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 25.12.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Ерсте Асет Менаџмент ГмбХ, австриско друштво, со своето корпоративно седиште во Виена и деловна адреса на Ам Белведере 1, 1100 Виена, Австрија ќе стекне контрола над НТЕРКЕПИТАЛ АСЕТ МЕНАЏМЕНТ д.о.о, друштво со ограничена одговорност основано според законите на Хрватска, со седиште на улица Масарјукова бр. 1, Загреб Хрватска.

## Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности

**Ерсте Асет Менаџмент ГмбХ** со основни дејности кои се состојат од дејности за управување со средства е дел од групацијата на компании Ерсте („**Групација Ерсте**"), еден од најголемите даватели на финансиски услуги во Централна и Источна Европа, кое нуди банкарски услуги на физички и правни лица, како и финансиски услуги. Работењето на Групацијата Ерсте е поделено на банкарство на мало, комерцијално банкарство, групациски пазари, активно и пасивно управување и локален центар за комерцијални трансакции, доверителско банкарство, како и центар за комерцијални трансакции на ниво на групација. Сепак, примарната дејност на Групацијата Ерсте е давање банкарски услуги на физички и правни лица.

Самото Ерсте Асет Менаџмент ГмбХ не е присутно во Северна Македонија и не генерира промет во Северна Македонија.

Групацијата Ерсте е присутна во Северна Македонија преку поврзани правни лица и генерира промет во Северна Македонија:

1. Шпаркасе Банка АД Скопје, со седиште на Васил Иљоски 14, Скопје, Република Северна Македонија, чија основна дејност е друго монетарно посредување.
2. Шпаркасе Лизинг ДОО Скопје со седиште на ул. Македонија 34, Скопје, Северна Македонија, чија основна дејност е финансиски лизинг.
3. С-АМЦ1 ДООЕЛ Скопје – во ликвидација со седиште на Васил Иљоски 14, Скопје, Република Северна Македонија, чија основна дејност е купување и продажба на сопствен недвижен имот.

**ИНТЕРКЕПИТАЛ АСЕТ МЕНАЏМЕНТ д.о.о**, друштво со ограничена одговорност е со основни дејности кои се состојат од основање и управување со алтернативни инвестициски фондови.

ИНТЕРКЕПИТАЛ АСЕТ МЕНАЏМЕНТ д.о.о, не е присутно во Северна Македонија и не генерира промет во Северна Македонија.

За целите на ова Известување, Учесниците предлагаат релевантниот пазар на производи да се дефинира како пазар за управување со средства.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

08.01.2025 година
Скопје